

# Водич за ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ за ЗАШТИТА од семејно насилство

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ

Издавач:
Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ

ул. Максим Горки бр.20-1-4, Скопје
тел: 02 3298 295; 3298 296
факс: 02 3211 453
www.esem.org.mk

Автори:
Јасминка Фришчиќ
Марија Гелевска
Стојан Мишев

Лектор:
Катица Трајкова

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

364.63-027.553(036)

ФРИШЧИЌ, Јасминка
Водич за заштита од семејно насилство / [автори Јасминка Фришчиќ, Марија Гелевска, Стојан Мишев]. - Скопје: Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ, 2014. - 27 стр. : табели; 21 cm

ISBN 978-608-4643-02-9
1. Гелевска, Марија [автор] 2. Мишев, Стојан [автор]
а) Семејно насилство - Заштита - Водичи
COBISS.MK-ID 96846090

# Водич за ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ за ЗАШТИТА од семејно насилство

Подготовката и печатењето на оваа публикација е дел од проектот „Поглед однадвор - Дали и како се обезбедува потребната судска заштита на жртвите на семејно насилство при изрекување на привремените мерки за заштита?".

Оваа публикација е овозможена со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД) во рамки на Проектот на УСАИД за граѓанско општество. Содржината на публикацијата е одговорност на авторите и не ги изразува ставовите на УСАИД или на Владата на САД.

# СОДРЖИНА

**ЗА ВОДИЧОТ** ..... 6

**НАЧИНИ НА ЗАШТИТА** ..... 9

1. **Подгответе свој план за безбедност** ..... 9
2. **Мерки за заштита** ..... 10
3. **Судска заштита**

Кривична судска постапка за заштита од семејно насилство ..... 12

**ПРИВРЕМЕНИТЕ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА КАКО ЗНАЧАЕН МЕХАНИЗАМ ЗА СУДСКА ЗАШТИТА НА ЖРТВИТЕ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО** ..... 16

Цел и видови на привремените мерки за заштита ..... 16

Постапка за изрекување на привремени мерки за заштита ..... 18

Кога се поднесува предлог за изрекување на привремени мерки за заштита? ..... 18

Кој може да поднесе предлог? ..... 18

Каде се поднесува предлогот? ..... 19

Како се поднесува предлогот за изрекување на привремени мерки за заштита? ..... 19

Што треба да направите пред поднесување на предлогот? ..... 19



**КАКО СЕ ОДВИВА ПОСТАПКАТА ВО СУДОТ** ..... 21

Што треба да направите пред поднесување на предлогот? ..... 21

Закажување на судско рочиште и поканување на противникот ..... 21

Заштита на личните податоци на жртвата ..... 22

Изведување на докази ..... 22

Донесување на решение за изрекување на привремени мерки за заштита ..... 22

Жалба во случај кога не сте задоволни од решението на судот и изречените мерки ..... 23

Институции одговорни за спроведување на привремените мерки за заштита ..... 23

Укинување, менување и продолжување на изречените привремени мерки за заштита доколку насилникот не го почитува решението на судот ..... 25

4. **Контакти со релевантни институции и организации за заштита од семејно насилство** ..... 27

# ВОВЕД

Семејното насилство претставува сериозен општествен проблем кој загрижува со својата застапеност во нашето општество. Секоја втора жена во државата е жртва на психолошко насилство, секоја петта жена се соочува со одредена форма на физичко насилство, додека сексуалното насилство помеѓу двајца партнери сè уште е тема за која ретко се разговара во нашето опкружување. Значајно е да се знае дека основна причина за појавата на семејно насилство е прифатеноста на патријархалните вредности и подредената улога на жената во однос на мажот во бракот и семејството. Состојбата е поалармантна имајќи предвид дека станува збор за насилство што се случува зад затворени врати, во нашите домови, каде што вообичаено треба да се чувствуваме сигурно и безбедно. Однесувањето на насилникот е насочено кон воспоставување на контрола врз жртвата и со цел да се прекине насилството неопходно е да се пријави и да се побара обезбедување на помош и поддршка од  страна на надлежните институции.

Под семејно насилство се подразбира малтретирање, грубо навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психичко или физичко насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв кон брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и кон поранешен брачен другар или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи.



Овој Водич е наменет за жртвите на семејно насилство на кои им е потребна помош и поддршка за да го прекинат животот во насилство. Првенствено тој е наменет да обезбеди детални информации за постапката за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство, како и информации за поддршката и ресурсите што ви стојат на располагање по пријавување на насилството. Во таа насока овој Водич содржи краток и јасен опис на чекорите кои жртвата треба да ги преземе при поведувањето, текот на постапката и изрекувањето на привремените мерки за заштита од семејно насилство од страна на судот. Дополнително, во Водичот се обезбедени основни информации во однос на кривичните постапки што се поведуваат против сторителите на семејно насилство и што е најважно, опишан е начинот на подготовка на личен план за безбедност и планирање на чекорите кои треба да ги преземете во случај на опасност по вас и вашите блиски.

**ФИЗИЧКОТО НАСИЛСТВО** е изразено преку употреба на физичка сила или закана што ќе биде применета врз жената од страна на насилниот партнер или друг полнолетен член на нејзиното семејство. Удирање, туркање, шлаканица, боксирање, влечење за коса, напад со фрлање предмети, нанесување повреди со разни видови оружје се само дел од формите на физичкото насилство.

**ПСИХОЛОШКОТО НАСИЛСТВО** е изразено преку: контрола врз жената, контрола врз нејзините контакти, изолација, љубомора и предизвикување на емоционални страдања кај жената, спречување да работи надвор од домот, омаловажување или понижување пред другите, барање дозвола за здравствена заштита и инсистирање да знае со кого е и каде е цело време.

**СЕКСУАЛНОТО НАСИЛСТВО** е изразено преку присилен сексуален однос или друг вид на сексуални активности како: силување, несакан сексуален однос, понижувачки сексуален однос, присила за гледање на порнографски материјали и подведување.



# НАЧИНИ НА ЗАШТИТА

## 1. Подгответе свој план за безбедност

Прв неопходен чекор за ваша заштита е самите да подготвите свој план за безбедност. Планот за безбедност содржи информација за тоа што треба да направите во случај на опасност од насилство, доколку сѐ уште живеете во насилна заедница или доколку сте се разделиле од насилникот и постои опасност тој физички да ве нападне вас и вашите блиски. При подготовката на планот за безбедност потребно е да ги преземете следниве чекори:

• подгответе план за напуштање на домот пред да се случи насилството. Во таква ситуација потребно е однапред да знаете каде ќе одите и како ќе стигнете дотаму. Тоа може да бидат роднини и пријатели кај кои ќе се засолните во случај на опасност или некоја надлежна институција што ќе ви обезбеди згрижување;

• направете список со важни телефонски броеви и чувајте го на сигурно место. Тоа може да бидат телефонските броеви на роднини, пријатели, граѓански организации на кои можете да им се обратите во случај на опасност;

• соберете ги потребните документи, како што се: лична карта, пасош, изводи од родени за децата, извод од венчани, здравствена книшка, решение од судот за изречени привремени мерки за заштита, банкарски сметки и др. Во случај на опасност и напуштање на домот ќе биде потребно да ви се на дофат за да можете лесно да ги земете со себе.

## 2. Мерки за заштита

Доколку сте жртва на семејно насилство и имате потреба од обезбедување на помош и поддршка, за надминување на ситуацијата можете да се обратите во Центрите за социјална работа и одредени граѓански организации со цел да ви ја обезбедат поддршката (листата со контакти од надлежните институции и организации се наоѓа на крајот во Водичот). Обезбедување на итно сместување за вас и вашите деца, психосоцијална поддршка и третман, обезбедување на правна помош и совети се само дел од мерките за заштита што ви стојат вам на располагање. За обезбедување на ваков вид заштита може да се обратите во Центрите за социјална работа и граѓанските организации кои обезбедуваат директни услуги за жртвите на семејно насилство, како што се правна и психосоцијална помош и поддршка. Мерките за заштита можат да ви бидат обезбедени по пријавување на насилството, а непосредно пред иницирање на судската постапка (кривична) или постапката за изрекување на ПМЗ. Кои мерки ќе ви бидат обезбедени, односно каков вид на заштита и поддршка ќе добиете зависи од вашите потреби (види во табелата со мерки за заштита).



| |
|---|
| Обезбедување на нужно сместување на жртвата на семејно насилство |
| Обезбедување на соодветна здравствена заштита |
| Обезбедување на соодветна психосоцијална интервенција и третман |
| Упатување во соодветно советувалиште |
| Доколку во семејството има дете кое е на редовно школување, помагање за продолжување на редовното образование |
| Известување на органот за прогон |
| Давање на секаков вид правна помош и застапување |
| Покренување на постапка пред надлежен суд |
| По потреба, поднесување на барање до судот за изрекување на привремени мерки за заштита |
| Преземање на други мерки што се неопходни за решавање на проблемот |

# 3. Судска заштита

Судската заштита ја сочинуваат кривичната постапка, која се иницира против сторителите за сторени кривични дела како резултат на семејно насилство, како и граѓанската постапка за изрекување на привремени мерки за заштита. Доколку имате потреба може паралелно да се поведат двете судски постапки за ваша заштита. Целта на кривичната постапка е да се казни насилното однесување и да се спречи насилникот во иднина да врши насилство, додека цел на постапката за изрекување на ПМЗ е вам да ви обезбеди непосредна и брза помош и заштита.

**Семејното насилство е недозволиво и казниво.**
Кривичната постапка се поведува против насилниците при што се казнуваат сите форми на семејно насилство: физичко, психолошко и сексуално и се предвидени построги казни за сторителите на кривични дела што се случиле како резултат на семејно насилство.

**Физичкото насилство се санкционира со:**
Кривични дела против животот и телото.

**• Убиство, Чл. 123, ст. 2, т. 2 од КЗ**

„Тој што друг ќе лиши од живот при вршење на семејно насилство“ **ќе се казни со затвор од најмалку 10 години или доживотен затвор.**

(Дејството претставува лишување од животот на жртвата на семејното насилство).



**• Телесна повреда, Чл. 130, ст. 2 од КЗ**

„Тој што друг телесно ќе го повреди или ќе му го наруши здравјето при вршење на семејно насилство“, **ќе се казни со затвор од 6 месеци до 3 години.** (Дејството подразбира физичко или психичко влијание при што настанува повреда која бара и минимално лекување или нега, предизвикана како резултат на семејно насилство).

**• Тешка телесна повреда, Чл. 131, ст. 2 од КЗ**

„Тој што друг тешко ќе повреди или здравјето ќе му го наруши при вршење на семејно насилство“, **ќе се казни со затвор од 1 до 15 години.** (Тешката телесна повреда предизвикува тешко нарушување на здравјето на жртвата како резултат на претрпено семејно насилство).

**Психолошкото насилство се санкционира со:**
Кривични дела против слободите и правата на човекот.

**• Присилба, Чл. 139, ст. 2 од КЗ**

„Тој што со сила или со сериозна закана ќе присили друг да стори или да не стори или да трпи нешто при вршење на семејно насилство“, **ќе се казни со затвор од 6 месеци до 3 години.** (Присилбата се состои во наметнување определена одлука или определено постапување спротивно на слободната волја и дејствување на жртвата на семејно насилство).

**• Противправно лишување од слобода, Чл. 140, ст. 2 од КЗ**

„Тој што противправно ќе затвори, ќе го држи затворен или на друг начин ќе му ја одземе или ограничи слободата на движење, при вршење на семејно насилство“, **ќе се казни со затвор од 6**

**месеци до 3 години. Обидот е казнив.** (Дејството претставува држење затворен или на друг начин ограничување на слободата на движење на жртвата на семејно насилство).

**• Загрозување на сигурноста, Чл. 144, ст. 2 од КЗ**

„Тој што ќе ја загрози сигурноста на друг со сериозна закана дека ќе нападне врз неговиот живот или тело, животот или телото на нему блиско лице при вршење на семејното насилство", **ќе се казни со затвор од 3 месеци до 3 години.** (Загрозување на сигурноста се состои од нарушување на психичкиот мир и спокојството на жртвата на семејно насилство)

**Сексуалното насилство се санкционира со:**
Кривични дела против половата слобода и половиот морал.

**• Силување, Чл. 186 од КЗ**

„Тој што друг со употреба на сила или закана дека непосредно ќе нападне врз неговиот живот или тело на нему блиско лице ќе го присили на обљуба", **ќе се казни со затвор од 1 до 10 години.** (Дејството подразбира загрозување и нарушување на слободата при стапување во полови односи на жртвата на семејно насилство, и без оглед дали жртвата е во брачна заедница со насилникот).

**• Полов напад врз дете, Чл. 188, ст. 2 од КЗ**

„Тој што ќе изврши обљуба или друго полово дејствие врз дете при вршење на семејно насилство", **ќе се казни со затвор од најмалку 10 години.**

**• Посредување во вршење на проституција, Чл. 191, ст. 4 од КЗ**

„Тој што врбува, наведува, поттикнува или намамува лице

До Основен суд ____________________

**Предлагач:** Име и презиме ____________________

адреса и место на живеење на лицето кое го поднесува
Предлогот за привремени мерки за заштита ____________________

**Противник:** Име и презиме ____________________

адреса и место на живеење на лицето кое го поднесува
Предлогот за привремени мерки за заштита ____________________

## ПРЕДЛОГ ЗА ИЗРЕКУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Опис на дејствата на насилство *(кога се случил последниот настан поврзан со семејното насилство; дали имало други дејства што претходеле на насилството; начинот на кој било извршено семејното насилство и дали сте се здобиле со повреди; дали сте се обратиле во здравствена установа заради повредите; дали сте го пријавиле насилството во надлежна институција и каде;)*

____________________

**Доказ :** Приложете докази со кои може да се потврди вашата горенаведена изјава:

- Сослушување на сведоци, кои можат да посведочат за насилството *(ако предлагате одреден сведок наведете го неговото име и презиме, адреса и место на живеење)*
- Барање за издавање на потврда за пријавени настани за семејно насилство *(наведете која полициска станица)*
- Потврда за пријавени настани за семејно насилство *(наведете која полициска станица)*
- Лекарско уверение или друга медицинска документација за претрпени психички или физички трауми
- Фотографии од сторени повреди
- Други потребни докази, на пример потврда дека поседува легално оружје или исказ на сведок/изјава на жртва за нелегално поседување на оружје, докази за претходни хоспитализации, индиции за користење на алкохол, податоци од служба за евиденција на телефонски повици и др.

Поради постоење на опасност по безбедноста на мојот живот во смисла на одредбите од 94-д од Законот за семејство му предлагам на судот да донесе

**РЕШЕНИЕ ЗА ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ**

Со кое на пријавениот ____________________ ќе му изрече Привремени мерки за заштита и тоа:

**Предлагачот да ги заокружи оние ПМЗ кои смета дека се најсоодветни**

1. Забрана да се закануva дека ќе стори семејно насилство;
2. Забрана да малтретира, вознемирува, телефонира, контактира или на друг начин да комуницира;
3. Забрана да се приближува до живеалиштето, училиштето, работното место или определено место кое редовно го посетува друг член на семејството;
4. Отстранување од домот без оглед на сопственоста, до донесување на конечна одлука од судот;
5. Забрана да поседува огнено оружје или тоа да му биде одземено;
6. Задолжување да ги врати предметите што се потребни за задоволување на секојдневните потреби на семејството;
7. Задолжително издржување на семејството;
8. Посетување на соодветно советувалиште;
9. Задолжително лекување, доколку е корисник на алкохол и други психотропни супстанци или има некое заболување;
10. Надоместување на медицински и други трошоци настанати од семејно насилство;
11. Изрекување на која било друга мерка што судот ја смета за неопходна за да се обезбеди сигурност и добросостојба на другите членови на семејстото;

Датум: ____________________ Предлагач: ____________________

на проституција, или тој што на кој и да е начин учествувал во предавање на лице на друг заради вршење на проституција, заради заработувачка му овозможи на друг користење на сексуални услуги, заради заработувачка со сила или сериозна закана за употреба на сила ќе присили или со измама ќе наведе друг на давање на сексуални услуги при вршење на семејно насилство", **ќе се казни со казна затвор од најмалку 10 години.**

Кривичната постапка се иницира со пријавување на насилството во најблиската полициска станица. Значајно е да знаете дека оваа постапка за кривичните дела поврзани со семејно насилство се иницира по службена должност, односно полицијата има обврска без да бара согласност од ваша страна да подготви кривична пријава и да иницира кривична постапка против насилникот. Единствен исклучок е кривичното дело телесна повреда, каде што за иницирање на кривична постапка е потребна ваша писмена согласност, односно да потпишете образец за иницирање на кривична постапка.

**Бидете подготвени да сведочите за насилството**

Во текот на кривичната постапка многу е значајно да бидете подготвени да кажете што ви се случило, односно во детали да ја опишете вашата ситуација. При опишување на насилството почнете со опишување на последниот инцидент, па продолжете со опис на претходните случаи на насилство. Наведете пред колку време се случило за прв пат насилството, колку често ви се случува и последиците со кои што сте се соочиле. Вашата изјава е клучна за судијата за да може да извлече заклучок за сериозноста на насилството и да изрече соодветна казна.

# ПРИВРЕМЕНИТЕ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА КАКО ЗНАЧАЕН МЕХАНИЗАМ ЗА СУДСКА ЗАШТИТА НА ЖРТВИТЕ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

**Цел на привремените мерки за заштита.** Привремените мерки за заштита (ПМЗ) се предвидени во Законот за семејство и тие имаат за цел непосредно и брзо да ве заштитат од насилството. Со изрекувањето на ПМЗ на насилникот му се укажува дека неговото однесување е недозволиво и дека доколку продолжи со него ќе следи санкционирање. ПМЗ може да бидат изречени во ситуација кога сте го напуштиле насилникот или сè уште живеете со него. Затоа, доколку сте жртва на семејно насилство и ви е потребна заштита, неодложно поднесете предлог до надлежниот суд (основниот суд во вашето место на живеење). Предлогот за изрекување на ПМЗ можете да го поднесете во судот секогаш кога имате потреба од заштита, независно од тоа дали претходно сте побарале или биле изречени вакви мерки за ваша заштита. Во прилог на овој Водич се наоѓа образец кој може да го искористите за подготовка на предлогот за изрекување на ПМЗ.

Во предлогот согласно со заштитата која ви е вам потребна, може од судот да побарате изрекување на една или повеќе од следниве привремени мерки за  заштита:



| | |
|---|---|
| **1.** | Да му забрани на насилникот да ви се заканува дека ќе стори семејно насилство. |
| **2.** | Да му забрани на насилникот да ве малтретира, вознемирува, телефонира, контактира или на друг начин да комуницира со вас или со член на вашето семејство. |
| **3.** | Да му забрани да се приближува до живеалиштето, училиштето, работното место или определено место кое редовно го посетува друг член на семејството. |
| **4.** | Да нареди отстранување на насилникот од домот, без оглед на сопственоста до донесување на конечна одлука од судот. |
| **5.** | Да му забрани да поседува огнено оружје или тоа да му биде одземено. |
| **6.** | Да го задолжи насилникот да ги врати предметите што се потребни за задоволување на секојдневните потреби на семејството. |
| **7.** | Да го задолжи да го издржува семејството. |
| **8.** | Да му нареди да посетува соодветно советувалиште. |
| **9.** | Да посетува задолжително лекување, доколку е корисник на алкохол и други психотропни супстанции или има некое заболување. |
| **10.** | Да му наложи на насилникот да ги надомести медицинските и другите трошоци настанати од семејно насилство. |
| **11.** | Да изрече која било друга мерка што ја смета за неопходна за да ви се обезбеди сигурност и добросостојба вам и на членовите на вашето семејство. |

# ПОСТАПКА ЗА ИЗРЕКУВАЊЕ НА ПМЗ

## КОГА се поднесува предлог за изрекување на ПМЗ?

Доколку се наоѓате во опасност вие или член на вашето семејство, односно постои ризик да се повтори насилството, потребно е неодложно да поднесете предлог за изрекување на привремени мерки за заштита до судот.

## КОЈ може да поднесе ваков предлог?

Предлог за изрекување на овие мерки можете да поднесете лично или преку лице ополномоштено за таа цел од ваша страна. Тоа може да биде ваш адвокат или граѓанска организација која обезбедува правна помош за жените жртви на семејно насилство. Исто така, предлогот во ваше име може да биде поднесен и преку Центарот за социјална работа по претходно давање на согласност од ваша страна. Предлогот се поднесува против лицето кое сторило и има опасност да го повтори семејното насилство: брачен - вонбрачен другар; поранешен брачен другар; родител; дете; брат, сестра, полубрат и полусестра, како и друг член на заедничко домаќинство. Под заедничко домаќинство се подразбира заедница на лица што живеат заедно и заеднички ги трошат приходите за задоволување на основните животни потреби (домување, исхрана и др.).



## КАДЕ се поднесува предлогот?

Предлогот за изрекување на привремени мерки за заштита можете да го поднесете во Основниот суд во вашето место на живеење секој работен ден. Доколку ви е потребна итна заштита (за време на викенд или во вечерните часови по завршување на работното време на судот), можете да се обратите во најблискиот Центар за социјална работа или полициска станица заради преземање на итни мерки за ваша заштита.

## КАКО се поднесува предлогот за изрекување на ПМЗ?

Постапката започнува со ваше одење во надлежниот суд според местото на живеење и пополнување и поднесување на предлог за изрекување на привремени за заштита од семејно насилство, кој го има во прилог на овој Водич. Може да побарате поддршка од страна на претставник на судот за негово пополнување.

## ШТО треба да направите пред поднесување на предлогот?

**Пред поднесување** на предлогот неопходно е да ги соберете сите докази со кои ќе се потврди претрпеното семејно насилство. Тоа може да бидат фотографии од повредите, медицинска документација, изјави од сведоци, наод и мислење од стручни лица, извештај за преземени дејства од некоја институција, отпусно писмо за претходно лекување на насилникот, извештај од специјалист

- супспецијалист и др. При опишување на насилството што ви се случило, почнете со раскажување на последниот инцидент па продолжете понатаму со опис на претходните случаи на насилство. Наведете пред колку време се случило за првпат насилството, колку често ви се случува тоа и опишете ги ситуациите кога сте имале најголем страв. Од вашата изјава потребно е судијата да донесе заклучок за сериозноста на насилството и да ги изрече потребните мерки за заштита. Бидете подготвени пред судијата да образложите во детали за сè што ви се случило и да опишете зошто имате страв од повторување на насилството (наведување на постапките и однесување на насилникот).

Предлогот во судот се поднесува во три примероци од кои едниот останува за вас, едниот за судот, додека еден примерок од предлогот се праќа до насилникот. При поднесувањето на предлогот е потребно да приложите доказ за платена судска такса од 480,00 МКД. Доколку немате финансиски средства за плаќање на судската такса, поднесете барање до судот за ослободување од судски такси, со приложување на докази дека не остварувате приходи (потврда од УЈП, потврда од Агенцијата за вработување дека сте невработени, потврда од ЦСР за тоа дали сте корисник на социјална помош и висина на помошта или потврда од ЦСР дека не сте корисник на социјална помош). Исто така можете да се обратите и до Министерство за правда и да поднесете барање за обезбедување на бесплатна правна помош од страна на стручни лица во текот на постапката.



# КАКО СЕ ОДВИВА ПОСТАПКАТА ВО СУДОТ?

### Што треба да направите по поднесување на предлогот?

По поднесување на предлогот, судијата го испитува предлогот дали е разбирлив и дали ги содржи потребните докази. Судијата по испитувањето на предлогот може да оцени дека во него нема доволно докази, дека не сте го поднеле во доволен број примероци или не е платена судската такса, при што предлогот ќе ви го врати на дополнување или доуредување. За ова ќе бидете писмено информирани и ќе имате рок од 8 дена по денот на известувањето да ги направите потребните промени и дополнувања на предлогот. Доколку не постапите по барањето од страна на судот, тој може да го отфрли предлогот, односно да не ги изрече бараните привремени мерки за заштита.

### Закажување на судско рочиште и поканување на противникот

По поднесувањето на предлогот за изрекување на ПМЗ, судот во рок до 7 дена го праќа предлогот со покана до насилникот (во овие постапки противник) со цел да го обезбеди неговото присуство на закажаното рочиште. Истовремено, судот праќа покана за одржување на судско рочиште и до вас како предлагач во постапката. Во ситуации каде што постои ризик од идно насилство и е неопходно итно да се реагира, судијата го закажува судењето во рок од три дена. Закажаното рочиште се одржува независно дали е присутен противникот или само вие присуствувате на судењето, доколку од доказите што ги имате

поднесено може да се утврди сериозноста на насилството и потребата за изрекување на ПМЗ.

## Заштита на личните податоци на жртвата

Доколку сакате вашите лични податоци да не се откријат, односно да не се открие адресата на вашето престојување при доставување на примерок од предлогот за изрекување на ПМЗ на насилникот и покана за негово присуство на судењето, поднесете барање за заштита на овие податоци.

## Изведување на докази

На судското рочиште ќе бидат изведени доказите што ги имате приложено кон предлогот за изрекување на ПМЗ. Тие треба да се основа за судијата да го прифати предлогот и да ги изрече мерките. Кога во вашиот предлог барате на насилникот да му биде изречена мерката „задолжително лекување", судот може да наложи спроведување на невролошко или психијатриско вештачење за што е потребно одвојување на финансиски средства.

## Донесување на решение за изрекување на привремени мерки за заштита

По одржувањето на судското рочиште, судот донесува решение за изрекување на ПМЗ. Во решението судот може во целост или делумно да ги усвои предложените ПМЗ. Судот го информира насилникот за донесеното решение и санкциите што ќе стапат на сила, доколку тоа не се почитува. ПМЗ од страна на судот може да бидат изречени за период од три месеци до една година.



Доколку судијата не ги изрече привремените мерки за заштита и вие се чувствувате несигурно и небезбедно, обратете се до надлежната полициска станица со цел обезбедување на ваша заштита. Повеќе информации за ова ќе најдете во делот на кривичната постапка за заштита на жртвите на семејно насилство.

Примерок од решението судот испраќа до надлежните институции за негово следење, како и до ЦСР и полициската станица во вашето место на живеење или местото каде што престојувате во ситуација кога го имате напуштено вашиот дом. Примерок од решението добивате и вие и пожелно е решението да го имате со вас за да можете во ситуација кога насилникот не ги почитува изречените мерки да го приложите до претставниците на надлежните институции за понатамошно постапување.

## Жалба во случај кога не сте задоволни од решението на судот и изречените ПМЗ

Поднесете жалба до надлежниот апелационен суд во која ќе наведете дека со неуважувањето на вашиот предлог и неизрекување на предложените ПМЗ судот не успеал да ви ја обезбеди законски загарантираната заштита.

## Институции одговорни за спроведување на привремените мерки за заштита

Судијата во донесеното решение го наведува точниот назив на органот или институцијата во рамките на надлежното министерство, која е должна да се грижи за спроведување на изречените ПМЗ.

Министерството за внатрешни работи, односно месно надлежната полициска станица во вашето место на живеење или престојување е надлежна за извршување на следнив мерки:

- Забрана да ви се заканува дека ќе стори семејно насилство;
- Забрана да малтретира, вознемирува, телефонира, контактира или на друг начин да комуницира со вас или со член на вашето семејство;
- Забрана да се приближува до живеалиштето, училиштето, работното место или определено место што редовно го посетува друг член на семејството;
- Отстранување на насилникот од домот, без оглед на сопственоста до донесување на конечна одлука од судот;
- Забрана да поседува огнено оружје или тоа да му биде одземено.

Во надлежност на специјализирано советувалиште е спроведувањето на следнава мерка:

- Посетување на соодветно советувалиште - во надлежност на советувалиште за насилници.

Министерството за здравство, односно здравствените установи што обезбедуваат терапија и третман на лица корисници на дрога и алкохол, како и лица со одредено психолошко заболување се надлежни за спроведување на мерката:

- Задолжително лекување, доколку е корисник на алкохол и други психотропни супстанци или има некое заболување.

Согласно со законот за извршување се спроведуваат следниве ПМЗ:



- Задолжување да ги врати предметите кои се потребни за задоволување на секојдневните потреби на семејството;
- Задолжително издржување на семејството;
- Надоместување на медицински и други трошоци настанати од семејно насилство.

## Укинување, менување и продолжување на изречените привремени мерки за заштита

**Во периодот додека трае извршувањето на мерките може со поднесување на нов предлог да се бара:**

- укинување на изречената ПМЗ пред истекот на рокот доколку сметате дека е постигната целта поради која била изречена мерката (на пр. во ситуација кога насилникот го променил своето однесување и се подобриле односите);

- изменување на изречената мерка, доколку сметате дека изречената мерка е несоодветна.

По истекот на рокот за кој е изречена мерката, можете со поднесување на нов предлог до судот да барате продолжување на изречените мерки, доколку оцените дека изречената мерка ќе ги постигне бараните резултати, меѓутоа потребно е таа да трае подолг временски период. Правилата за поднесување на нов предлог се исти како судската постапка која веќе сте ја поминале.

## Доколку насилникот не го почитува решението на судот

Доколку насилникот не го почитува решението со изречените ПМЗ, пријавете го во надлежните институции за нивно

спроведување кои треба да го известат надлежниот суд. За непочитување на донесеното Решение со привремени мерки за заштита од семејно насилство потребно е да пријавите во надлежната полициска станица или ОЈО за да иницирате кривична постапка за сторено кривично дело „неизвршување на судска одлука“, за кое е предвидено изрекување на казна затвор. Оваа постапка наведените институции ја иницираат по службена должност по добиените сознанија од ваша страна за непочитување на Решението на судот.





## Контакти од релевантни институции и организации за заштита од семејно насилство

**Центар за правна помош за жртви на семејно насилство**

Психолошко советувалиште за жртви на семејно насилство

| | |
|---|---|
| (Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ) | 02/3117-866 |
| Кризен Центар „Надеж“ | 02/3173-424<br>02/15-315 |
| Организација на жени на град Скопје (ОЖС) | 02/15-700 |

ECE